бр. 104

ЈАПОНСКО-МАКЕДОНСКА СОРАБОТКА

# Размена против стилизираните контексти

**Дваесетина уметници од Македонија и од Јапонија ги истражуваат во Битола можностите за надминување на бариерите на однапред стилизираните културни контексти на двете земји**

Изложба на дела од современи македонски и јапонски уметници се одржува до 14 јуни во Битола во организација на Центарот за современи уметности „Елементи“ од Битола и на „Цолаво“ од Токио. Изложбата што во октомври ќе продолжи во Токио е дел од четвртиот меѓународен проект „Ситес“, кој во текот на месецов ќе се одвива на повеќе локации во Битола.

Во изложбата учествуваат: Јошио Мачида, Атуширо Ито, Кеичи Сугимото, Тецуро Јасунага и групата КАБ од Јапонија, како и македонските уметници Оливер Јосифовски, Жанета Вангели, Искра Димитрова, Роберт Јанкуловски, Денис Сарагиновски, Слободанка Стевчевска, Билјана и Љупчо Исијанин и групата „Фолтин“. Специјален гостин на изложбата е Енрико Глереан од Италија.

Главниот концепт „Места“ („Ситес“) го става акцентот врз просторот каде што ќе се изведат делата, така што тој станува интегрален дел од уметничкото дело и со тоа ги брише границите меѓу секојдневниот живот и уметноста. Учесниците, исто така, ќе работат и на едно специфично сфаќање на поимот соработка, кој треба да се оствари во рамките на јапонско-македонската размена и да ги надмине бариерите на однапред стилизираниот контекст, произлезен од посебниот културен контекст на двете земји.

Куратори на изложбата се Јошио Мачида и Билјана Исијанин.

Покрај презентацијата на визуелните и на музичките дела, предвидени се и работилници со деца во основното училиште „Св. Климент Охридски“ во Битола и презентација на јапонските филмови: „Хана-Би“, „Затоичи“ од Такеши Китано и други. ❑